# мартиноски

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И
УМЕТНОСТИТЕ — СКОПЈЕ

ПО ПОВОД СВЕЧЕНОТО ОТВОРАЊЕ
НА ЗГРАДАТА НА АКАДЕМИЈАТА

# НИКОЛА МАРТИНОСКИ

## ИЗЛОЖБА НА СЛИКИ И ЦРТЕЖИ

ИЗЛОЖБЕН САЛОН НА МАНУ
СКОПЈЕ, СЕПТЕМВРИ 1976

**Избор на делата:**

Димче Коцо, редовен член на МАНУ
Ванѓел Коџоман, дописен член на МАНУ
Д-р Борис Петковски, директор на МСУ — Скопје

**Стручна реализација на изложбата:**
Музеј на современата уметност — Скопје

# ЗА НИКОЛА МАРТИНОСКИ

Во историјата на современата македонска ликовна уметност, името на Никола Мартиноски претставува синоним за пионерско дејствување, од кое се родија некои од најзначајните остварувања во нашата национална култура. Особините на сликарското, цртачкото, графичкото и вајарското творештво на Мартиноски, изградувано во текот на неколку децении, значат полна еманципација на нашето подрачје во областа на ликовната уметност: нејзиното вклучување во некои најзабележителни стремежи на светското ликовно творештво на нашиот век.

Уметноста на Мартиноски впи во себе одделни карактеристики на романската уметност од првите децении на нашето столетие; а потоа, многу понагласено, на неколку стилски насоки на Париската школа од дваесеттите и триесеттите години. Во поширока смисла, уметничкото дејствување на Мартиноски е определено од општата духовна и естетска атмосфера карактеристична за европскиот експресионизам, особено во неговата германска и француска варијанта. Така Мартиноски ги вклучи во својата творечка стратегија поуките на Модилјани, Кислинг, Сутин, Пасцин, Пикасо, Грос, Шагал и др. Меѓутоа, она што го квалификува дејствувањето на овој уметник како своевиден поврзувач на епохите: неговата емотивна и творечка отвореност спрема вредностите на средновековното сликарство во Македонија и високата почит што тој ја чувствуваше за неговите ликовни особини, ја индивидуализира уметноста на Мартиноски; ја претвора во еден од најизразитите примери на напор да се изгради национално творештво, засновано врз откривањето и синтезата (еднакво критички поставено спрема нив) на современите и традиционалните ликовни системи.

Но творештвото на Мартиноски, реализирано во огромен број сликарски, цртачни, графички итн. дела, е сето пред сè една свртеност кон човекот во мошне комплексна смисла. Човекот за македонскиот уметник беше извор на вонредно изнијансирана изразност, во која доминираат некои основни мотиви: мајчинство и љубовта меѓу мажот и жената, во мошне широка скала на нејзиното изразување; портретот, како откривање ликови на пријатели, блиски или воопшто на човечката физичка и психолошка физиономија; конечно, човекот виден во вителот на природната и социјалната стихија, како актер во херојски настани од нашата поблиска или подалечна историја.

Сето тематско и изразно богатство на впечатливиот творечки опус на Мартиноски, беше согледано на неговата неодамнешна ретроспективна изложба (декември 1975 — февруари 1976). Сегашната изложба може само кондензирано да укаже на неговата вистинска творечка димензија. Таа е пред сè желба да нè потсети на монументалната присутност на Мартиноски во нашата средина: дека овој уметник ја стимулираше сета понова ликовна култура на Македонија и дека несомнено претставува најистакнатата и најзаслужна личност во досегашната историја на современата македонска уметност.

**Д-р Борис Петковски**

**Биографија**

Роден е на 18 август 1903 во Крушево. Од 1920 до 1927 учел на Школата за убавите уметности во Букурешт. Професори: Д. Пачуреа (вајарство), Д. Миреа (сликарство), Н. Ресу (сликарство) итн. Се усовршувал во Париз (1927 - 1928) на Академи Гранд Шомиер и Академи Рансон. Професори: Ж. Бисиер, М. Кислинг, А. де Ла Пателјер.

Од крајот на 1928 до својата смрт на 7 февруари 1973 живее со мали прекини во Скопје. Пред војната приредил неколку самостојни и учествувал на повеќе групни изложби во земјата и во странство, како сликар, цртач и вајар. Од 1931 е член на белградската ликовна група »Облик«. Еден е од основачите на »Друштвото на ликовните уметници од Вардарска Бановина«, а беше активен и во дејностите организирани од скопското Друштво на пријателите на уметноста »Јефимија«. Уште пред војната изработил повеќе илустрации за книги, списанија и весници. Од есента 1939 до есента 1940 работел и како сценограф на Театарот во Скопје.

Во времето на окупацијата живее во Скопје, а од 1943 и во Крушево. Од есента 1944 активно се вклучува во НОВ, повикан од Агитпропот на Главниот штаб на НОВ на Македонија. По ослободувањето на Скопје заедно со други свои колеги ја основал Уметничката школа (подоцна Училиште за применета уметност). Бил нејзин директор до 1948, а потоа на новооснованата Уметничка галерија во Скопје сè до својата смрт. Мартиноски е еден од основачите на Друштвото на ликовните уметници на Македонија и прв негов претседател повеќе години. Избран е уште во 1944 за член на Главниот одбор на НФ на Македонија. Мартиноски е избиран двапати и за сојузен народен пратеник. Бил во управата на СЛУЈ и член на бројни стручни и општествени тела. Во 1967 беше избран за член на МАНУ. Носител е на повеќе републички и сојузни признанија и одликувања за својата професионална и општествена активност. Мартиноски по војната приреди повеќе самостојни изложби, а учествуваше и на голем број значајни групни и тематски изложби во земјата и во странство. И во повоениот период има илустрирано разни книги, списанија и сл., а издадена е и мапата »Скопје 1963«, со негови цртежи.

### Самостојни изложби:

Скопје — 1929, 1930, 1935, 1936, 1938, 1939, 1942, 1955, 1958, 1961, 1962, 1965, 1969, 1970, 1974, 1975/76, Белград — 1931, 1932 (со З. Поповиќ), 1953 1966, 1973; Загреб — 1936 и 1937 (со Т. Кризман), 1954; Љубљана — 1953; Париз — 1954, Дижон — 1959, Нови Сад (со Петар Хаџи Бошков) — 1959, Куманово — 1969.

### Учество на позначајни групни изложби:

#### Пред 1945 година

Од 1927 на изложбите на Друштвото на ликовните уметници од Вардарска бановина и Друштвото »Јефимија«, изложба на група југословенски уметници — Париз 1928, изложби на групата »Облик« во Белград, Загреб, Љубљана, Титоград итн. Модерна југословенска уметност — Рим 1937, I изложба на уметници од Македонија — Скопје 1942.

#### По 1945 година

Изложби на ДЛУМ во Скопје, Белград, Загреб, Љубљана, Титоград итн; Сликарство и скулптура на народите на Југославија — Белград 1946, Загреб, Љубљана, Москва, Ленинград, Братислава — 1947; Прага, Варшава, Краков — 1948; Половина век на југословенското сликарство — Белград, Загреб, Љубљана 1953 и Скопје 1954; 4 југословенски сликари — Вашингтон 1954 и Њујорк 1955; V биенале »Бианко е неро« — Лугано 1956; Изложба на југословенската уметност во чест на Конгресот на АИКА — Дубровник 1956; III меѓународна изложба на современа уметност — Њу Делхи 1957; Современа југословенска уметност — Дубровник 1957; Современа југословенска графика — Мексико Сити 1957; Современа југословенска уметност — Осло 1957; 60 слики на современото југословенско сликарство — Канада 1958; 15 години ликовно творештво во Македонија — Скопје 1959; Уметноста во револуцијата — Загреб 1959; Современа југословенска графика — Ленинград 1959; Есенски салон — Дижон 1959; НОВ во делата на југословенските ликовни уметници — Белград 1961; 40 југословенски графичари — Маракаибо 1961; Современа Југословенска уметност — Блиски исток 1962; Современа македонска ликовна и применета уметност — Дижон 1962; III ликовна есен — Сомбор 1963; Современа македонска уметност — Лондон и Брадфорд 1964; III меморијал Надежда Петровиќ — Чачак 1964; II триенале на ликовните уметности — Белград 1964; Изложба на југословенската ликовна уметност во НОВ 1941 - 1945 — Москва 1965; Прага и Софија 1966; Ликовна есен — Сомбор 1966; За леб и слобода — Осиек 1967; Современа македонска уметност меѓу двете војни — Скопје 1967; Аспекти на цртежот во Македонија — Скопје 1967; I меѓународна изложба на оригинален цртеж — Риека 1968; Современа македонска уметност — Истамбул, Анкара 1969; Современа македонска уметност — сликарство, скулптура, објекти — Белград, Загреб и Сараево 1969; Ангажирана уметност во Југославија — Словењ Градец 1969; Надреализам — социјална уметност — Белград 1969; III изложба на југословенскиот цртеж — Загреб 1971; Македонски автопортрет — Скопје 1971; Уметноста на почвата на Југославија од праисторијата до денес — Париз и Сараево 1971; Четвртата деценија — експресионизмот на бојата — поетски реализам — Белград 1971; Современа македонска уметност — Јаши и Пиатра Неамц (Романија) 1972; Социјални мотиви во делата на македонските ликовни уметници — Скопје и Титов Велес 1974; Југословенската уметност во НОВ 1941-1945 — Белград, Сараево, Загреб, Нови Сад и Скопје 1975/1976.

### Награди

I награда за дипломска работа — Букурешт 1927, Награда на градот Скопје 1953 и 1955, Орден на трудот од прв ред — 1955, Октомвриска награда на СРМ за сликарство — Скопје 1959, сребрена планета на Сојузот на ликовните уметници на Југославија — Белград 1964, Орден заслуги за народ со златна ѕвезда — 1964, Октомвриска награда на СРМ за животно дело — Скопје 1964, награда на АВНОЈ — Белград 1967, награда »Нерешки мајстори« на есенската изложба на ДЛУМ — Скопје 1968, Орден братство и единство со златен венец — 1970, I награда за цртеж на изложбата »Нашето историско минато во делата на македонските ликовни уметници« — Скопје 1972.

НЕГОВИТЕ ДЕЛА се наоѓаат во повеќе музеи и галерии во земјата: Галерија »Никола Мартиноски« — Крушево; во Скопје — Уметничката галерија, Музејот на современата уметност, Етнолошкиот музеј, Музејот на град Скопје; музеите и галериите во Штип, Прилеп, Битола, Струмица, Охрид; Народен музеј и Музеј на современата уметност — Белград; Уметничка галерија — Сараево; Модерна галерија — Љубљана; Институт на ЈАЗУ — Загреб, како и во бројни приватни колекции во земјата и странство (Англија, Франција, Романија, Грција, Канада и др.).

## К А Т А Л О Г

### С л и к и

1. **ГЛАВА НА МОМЧЕНЦЕ, 1926**
масло на платно, 27×29
сиг. г. л.: 1926/Мартин (лат.)
соп. З. Мартиноска, Скопје

2. **ГЛАВА, 1928**
масло на платно, 42×37
сиг. д. с. верт.: Париз/Мартин 928 (лат.)
соп. Гал. Н. Мартиноски, Крушево

3 **РАСПЕТИЕ, 1930**
масло на платно, 83,5×67
сиг. д. д. агол: Н. С. Мартиноски (лат.)
соп.: З. Мартиноска, Скопје

4. **ВО КАФЕАНА** (Композиција) 1930/31
масло на картон, 49×39
сигн. г. д.: Мартин (лат.)
соп. Галерија Н. Мартиноски, Крушево

5. **СЕМЕЈСТВО (АДАМ И ЕВА), 1931 (?)**
масло на платно, 84×104
без сигнатура
соп. МСУ, Скопје

6. **ГОСПОЃИЦА АРЕТИ, 1931**
темпера на картон, 65×35
сигн. д. д.: Млле Арети (Н. С. Мартиноски) (лат.)
1931 Салоник
соп. Гал. Н. Мартиноски, Крушево

7. **АВТОПОРТРЕТ, 1931**
масло на платно, 43×35
сиг. г. д.: НСМ (лат.)
соп. Н. Мартиноски, Крушево

8. **ПОРОК, 1931/32**
масло на платно, 77×57
сиг. д. с: Н. С. Мартиноски, одзади: Порок (лат.)
соп. Гал. Н. Мартиноски, Крушево

9. **СЕДНАТО ДЕВОЈЧЕ I 1933**
масло на платно, 55×46
сиг. д. д.: Н. С. Марти/носки (лат.)
соп. МСУ, Скопје

10. **РАСТКО ПУРИЌ, 1934**
масло на платно, 49,5×39,5
сиг. д. г.: Н. Мартиноски (лат.)
соп. МСУ, Скопје

11. **МАЈКА СО ДЕТЕ, 1934**
масло на платно, 79×59
сиг. г. л.: НС Мартиноски (лат.)
соп. Музеј на град Скопје

12. **НЕВЕСТА, 1937**
масло на платно, 95×72
сиг. г. г.: Н. С. Мартиноски (лат.)
соп. Ќ. Сејфула, Скопје

13. **ДЕВОЈЧЕ СО ПЕМБЕ ШАМИЈА I, 1940**
масло на платно, 62×77
сиг. г. д.: Н-С Марти/носки/Д (лат.)
соп. М. Бошков, Скопје

14. **ДЕТЕ СО ЦИГАРА (ОСВОЈУВАЧ), 1940**
масло на платно, 42×32
сиг. г. л.: НС Марти/носки/Д (лат.)
соп. Гал. Н. Мартиноски, Крушево

15. **МАЈКА СО ДЕТЕ, 1940**
масло на платно, 100×56
сиг. г. д.: Н. С. Мартиноски (лат.)
соп. Музеј на град Скопје

16. **УЧЕНИКОТ ДИМЕ, 1945**
масло на картон, 68×52,5
сиг. г. д.: Н. Марти/носки/Д
соп. Уметничка галерија, Скопје

17. **АВТОПОРТРЕТ, 1949/50**
масло на платно, 44×35
без сигнатура
соп. Уметничка галерија, Скопје

18. **МАЈКА СО ДЕТЕ, 1955**
масло на платно, 109×91
сиг. г. д.: Н. Марти/носки/Д/1955 (лат.)
соп. Д. Пиртовшек, Скопје

19. **ЦРВЕНА БЛУЗА, 1963**
масло на стакло, 49×28
сиг. г. л. верт.: Мартин (лат.)
соп. Уметничка галерија, Скопје

20. **МОДЕЛ, 1963**
масло на стакло, 59×33,5
сиг. д. с.: Мартиноски 63 (лат.)
соп. МСУ, Скопје

21. **СВАДБА, 1965**
масло на платно, 115×88
без сигнатура
соп. МСУ, Скопје

22. **ДОИЛКА, 1967**
масло на платно, 110×77
сиг. д. с. верт.: Н. Мартиноски (лат.)
соп. Гал. Н. Мартиноски, Крушево

**Цртежи:**

23. **БЕСПРИЗОРНИ, 1928**
молив во боја на хартија, 54×36
сиг. г. л. косо: Н. Мартиноски /С/ 1928 (лат.)
соп. Гал. Н. Мартиноски, Крушево

24. **ДРУГАРИ, 1937**
молив на хартија, 41×34
сиг. д. д.: НС Марти/носки/ 1937 (лат.)
соп. Гал. Н. Мартиноски, Крушево

25. **ДВЕ МОМЧИЊА (ОДМОР), 1936**
молив на хартија, 35,5×40,6
сиг. д. д.: Н. С. Марти/носки/1936/СК (лат.)
соп. З. Мартиноска, Скопје

26. **ПОЛИТИКА, 1953**
молив на хартија, 27×35,5
сиг. д. л. агол: Политика/Н. Мартиноски (лат.)
соп. З. Мартиноска, Скопје

27. **ПАЛЈАЧО, 1954**
молив на хартија, 34×20,7
сиг. д. д.: Пајацо/Н. Мартиноски (лат.)
соп. З. Мартиноска, Скопје

28. **СТРАСНИ ДВОЈКИ И ДЕЦА, 1963**
молив на хартија, 30×37,5
сиг. д. д. косо: Мартин 63 (лат.)
соп. З. Мартиноска, Скопје

29. **ЗАКРИЛА, 1969**
молив на хартија, 19×40
сиг. д. с.: Н. Мартин 1969 (лат.)
соп. МСУ, Скопје



11



21



5.

7.



13.



22.





23.




26.

издавач: ману
одговорен уредник:
предговор: д-р борис петковски
каталог: мсу скопје
фотографии: благој дрнков и раде милисављевиќ
технична подготовка: александар ангеловски
печатница: оозт »светлост«, скопје
тираж: 1.000